Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 02-422/3
Охрид, 26.6 2024 год.

Врз основа на член 94 став 1 точка 43, во врска со член 97 став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 197/21 и 58/24) и член 128 од Статутот на Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, на седница одржана на ден 26.06.2024 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За објавување на јавен оглас за избор на ректор**

1. Да се објави Јавен оглас за избор на Ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле "Охрид, со траење од 5 (пет) работни дена по денот на објавување во дневните весници и на веб страната на Универзитетот.

2. Јавниот оглас да се објави најдоцна до 15.07.2024 година во еден дневен весник на македонски јазик и во еден дневен весник на албански јазик, како и на веб страната на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле "Охрид.

3. Во јавниот оглас да се наведат општи услови коишто канидидатите треба да ги исполнуваат за избор на ректор:
- Да е од редот на редовните професори
- Да е државјанин на Република С. Македонија;
- Да не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност

4. Во јавниот оглас да се наведат посебни услови коишто кандидатите треба да ги исполнуваат за избор на ректор:
- Потврдени компетенции во вршење на наставно-образовната дејност во високото образование, вклучително и способност значително да придонесе кон воведување на нови, иновативни методи во изведувањето на наставата и поддршката при учењето на Универзитетот во согласност со Европската Рамка на Квалификации;
- Потврдени компетенции во вршење на научно-истражувачката дејност во високото образование, вклучително и способност значително да придонесе кон зголемување на бројот на објавени научни трудови на наставно-научниот кадар на Универзитетот во научни списанија индексирани во Scopus Q1;
- Потврдени компетенции во вршење на стручно-апликативната дејност во високото образование, вклучително и способност значително да придонесе кон зголемување

на бројот на добиени и успешно имплементирани меѓународни проекти на Универзитетот;
- Запознаеност со и разбирање на најдобрите високо-образовни практики во светот, вклучително и способност истите во голема мера да ги пренесе на Универзитетот.

4. Огласот трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавувањето во дневните весници и на веб страната на Универзитетот.
5. Кандидатот кој се пријавува на јавниот оглас, до Универзитетската изборна комисија треба да ги достават следните документи:
   - Пријава за ректор (во оригинал);
   - Програма за работа на Универзитетот за мандатниот период своерачно потпишана (во оригинал);
   - Биографски и библиографски податоци на кандидатот;
   - Како доказ за исполнување на општиот услов од точка 1.1: Одлука за избор во редовен професор. Кандидатите за кои изборот во редовен професор го потврдува Сенат, да достават и одлука за потврдување на звањето редовен професор (во оригинал или копија заверена на нотар);
   - Како доказ за исполнување на општиот услов од точка 1.2: Уверение за државјанство, не постаро од 6 (шест) месеци (во оригинал или копија заверена на нотар);
   - Како доказ за исполнување на општиот услов од точка 1.3: Потврда дека не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност (во оригинал);
   - Како доказ за исполнување на посебниот услов од точка 2.1: Сертификат за постигнувања во областа на изведување на настава и поддршка при учење во високото образование во согласност со Европската Рамка на Квалификации или соодветна национална рамка на професионални стандарди (во копија);
   - Како доказ за исполнетост на посебниот услов од точка 2.2: Да има најмалку 4 (четири) објавени трудови како автор или коавтор, со оригинални научни резултати во последните 5 (пет) години во научни списанија индексирани во Scopus Q1 (во тврда копија и PDF формат);
   - Како доказ за исполнетост на посебниот услов од точка 2.3: Да има најмалку 4 (четири) Договори за работа на проекти од програмата на HORIZON 2020, IPA и ERASMUS+ (во копија);
   - Како доказ за исполнетост на посебниот услов од точка 2.4: Потврда за докторски или постдокторски научно-истражувачки односно професионален престој на најмалку 2 (два) од 100-те прворангирани универзитети во светот, согласно објавените листи на следните институции: Институт за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US News and Report и Times Education Supplement – World University Ranking (во копија);
   - Електронска пошта за контакт;
   - Телефон за контакт.

5. Огласот се објавува во дневните весници „Нова Македонија “и „Коха “и на веб страната на Универзитетот.
6. Документите се поднесуваат:
   - Со лично предавање во архивата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле “Охрид или препорачано по пошта на адреса: Ул. Партизанска, бб, Дом на АРМ, Охрид, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот, во затворен коверт своерачно потпишан на двете страни од ковертот адресиран до Универзитетската изборна комисија со назнака: За јавниот оглас за избор на ректор, како и
   - Во електронска форма на следната е- адреса: uik2024@uist.edu.mk најдоцна до 24 часот во последниот ден утврден со рокот од овој оглас. Доколку кандидатите

имаат електронски потпис издаден од овластени издавачи на електронски потписи во РСМ (КИБС или Македонски Телеком), документите ги потпишуваат со него, во спротивно поднесуваат скенирани документи во PDF формат потпишани со своерачен потпис.

7. Затворените коверти со доставени пријави од кандидати за избор на ректор ќе се предадат од Архивата до Универзитетската изборна комисија на денот на седницата на која се одлучува по пријавите од конкурсот.

7. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседател на Сенат,**
**Доц. д-р Расим Салкоски**

Доставено до: Архива
Ректор
Веб страна на УИНТ